# Дневен извештај за финансиските пазари

- ЦБ на Нов Зеланд ја зголеми референтната каматна стапка
- Резултати од аукцијата на БЗ на НБРМ
- Пад на пазарните каматни стапки на еврото на кратките рочности

**Интервалутни курсеви во 09:30 ч.**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **EURUSD** | 1.3536 | **XAU** | 1261.28 |
| **EURCHF** | 1.2179 | **XAG** | 19.20 |
| **EURAUD** | 1.4393 | **Brent** | 110.78 |
| **EURGBP** | 0.8044 | **Copper** | 6696 |
| **EURJPY** | 138.17 | **Nickel** | 18455 |
| **USDJPY** | 102.08 | **Zink** | 2107 |




По трет пат годинава централната банка на Нов Зеланд ги зголеми каматните стапки за 25 базични поени на ниво од 3,25%. Оваа централна банка е прва од позначајните која го започна циклусот на монетарно затегање, а нејзиниот гувернер најави и понатамошно зголемување на референтната каматна стапка што допринесе киви доларот да продолжи со растот во однос на американскиот долар.

Вечерашниот говор на Мерк Карни, гувернерот на Bank of England би требало да привлече внимание поради очекувањата тој да започне со дискусијата за зголемување на каматните стапки. Одлуките на Bank of Japan од нејзиниот состанок ќе бидат објавени утре изутрина пред започнувањето на европската сесија на тргување, но не се очекуваат промени се до октомври кога BoJ би можела да започне уште една рунда на монетарно олабавување.

Прометот на домашниот девизен пазар вчера изнесуваше ЕУР 28,9 мил., а на меѓубанкарскиот пазар овој пат немаше тргување. Средниот курс на НБРМ за ЕУР сеуште е на високото ниво од 61,6775.

**Референтни каматни стапки**

| Валута 13/6 | o/n | 1 week | 1 m | 3m | 6m | 12m |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Libor USD | 0,08880 | 0,12255 | 0,15125 | 0,22980 | 0,32030 | 0,53960 |
| Libor CHF | -0,0120 | -0,0100 | -0,0030 | 0,01400 | 0,06900 | 0,18740 |
| Euribor | 0,06 | 0,135 | 0,179 | 0,258 | 0,348 | 0,525 |
| Skibor | 1,80 | 2,20 | 2,73 | 3,16 | 3,60 | 4,56 |

Спорт- Со натпреварот меѓу домаќинот Бразил и Хрватска вечерва во 22 часот ќе стартуваат возбудувањата на јубилејното 20.то Светското фудбалско првенство. На Мундијалот во земјата на самбата ќе се одиграат 64 натпревари за на 13 јули да го дознаеме најдобриот од 32 земји учеснички. Натпреварите ќе се играат во 12 градови на стадиони од кои најмалиот е со капацитет од 38 илјади, а најголемиот 75 илјади гледачи. Пред првиот натпревар ќе се одржи церемонијата на Свечено отворање на кое е предвидено да настапи Џенифер Лопез која заедно со американскиот рапер Питбул и Бразилката, Клаудија Лејте треба да ја испеат химната на првенството „We Are One“. Мотото на Светската фудбалска асоцијација (ФИФА) за најголемиот фудбалски настан е „За играта, за светот, за сите во еден ритам“.

**Берзи**

| Индекси | 12/6/14 | 11/6/14 | 1/1/14 |
|---|---|---|---|
| DAX | 9949,81 | -0,79 | 4,66 |
| Dow Jones | 16843,88 | -0,60 | 1,61 |
| FTSE | 6838,87 | -0,50 | 1,63 |
| Nikkei 225 | 14951,88 | -0,58 | -8,22 |
| Hang Seng | 23173,81 | -0,40 | -0,71 |
| MBI- 10 | 1716,38 | 0,31 | 0,42 |

За денес министерствата за финансии на Италија, Шпанија и Шведска имаат најавено аукции на државни обврзници со рок на доспевање од 7 до 20 години. По состанокот на ЕЦБ минатата недела каматните стапки на пазарите на пари се во пад поради што се очекува инвеститорите во потрага по поголем принос да се завртат кон инструментите со подолги рочности. Каматната стапка за орочување на евро- депозити преку ноќ Еониа веќе падна на ниво од 0,06%, а се смета дека и 3- месечниот Еурибор набрзо би се нашол под нивото од 0,15% за разлика од сегашните 0,25%.

Вчера НБРМ одржа редовна аукција на благајнички записи. Повтроно беше применет тендер со ограничен износ и фиксна каматна стапка од 3,25%. На аукцијата беа понудени благајнички записи на ниво на доспеаниот износ од МКД 25,500,000,000, а побарувачката од страна на банките изнесуваше МКД 35,145,000,000. На пазарот на депозите беа истргувани МКД 600,000,000 на 7 дена со каматна стапка од 2,10%, а банките пласираа во НБРМ во инструментот 7-дневен расположлив депозит вкупен износ од МКД 6,618,000,000 со каматна стапка од 1,25%. За наредна недела МинФин најавува одржување на нова аукција на државни ХВ.

**10- годишни државни обврзници**

| | 10 години | |
|---|---|---|
| земја | цена | принос |
| **US** | 98,71875 | 2,647568 |
| **В. Британија** | 96,105 | 2,7298 |
| **Канада** | 101,375 | 2,344 |
| **Германија** | 100,885 | 1,404 |
| **Франција** | 100,185 | 0,174 |
| **Италија** | 114,485 | 2,805 |
| **Шпанија** | 109,785 | 2,659 |
| **Грција** | 82,355 | 5,722 |
| **Македонија** | 100 | 5,00 |

**Индикативни цени на државни записи на секундарен пазар**

| Датум на аукција | Ознака на аукција | Датум на доспевање | Денови до доспевање | Каматна стапка | Девизна клаузула | Куповен принос на СБ | Продажен принос на СБ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 29-Oct-13 | ДЗ2013/16а-350 | 15-Oct-14 | 143 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 25-Feb-14 | ДЗ2014/02-364 | 25-Feb-15 | 275 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 29-Apr-14 | ДЗ2014/05-182 | 29-Oct-14 | 149 | 3,15% | - | 3,15% | 3,00% |
| 29-Apr-14 | ДЗ2014/06-182dk | 29-Oct-14 | 149 | 3,10% | dk | 3,15% | 3,00% |
| 29-Apr-14 | ДЗ2014/06а-350 | 15-Apr-15 | 317 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 6-May-14 | ДЗ2014/08-182dk | 5-Nov-14 | 156 | 3,10% | dk | 3,15% | 3,00% |
| 6-May-14 | ДЗ2014/07-182 | 5-Nov-14 | 156 | 3,15% | - | 3,15% | 3,00% |
| 6-May-14 | ДЗ2014/07-364 | 6-May-15 | 334 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 20-May-14 | ДЗ2014/09-182 | 19- Nov-14 | 170 | 3,15% | - | 3,15% | 3,00% |
| 20-May-14 | ДЗ2014/10-182dk | 19- Nov-14 | 170 | 3,10% | dk | 3,15% | 3,00% |
| 20-May-14 | ДЗ2014/08-364 | 21- May-15 | 352 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |

**Поважни економски индикатори за Г7 земјите**

| | | |
|---|---|---|
| 10:00 | EU | ECB publishes monthly report |
| 11:00 | EU | Industrial production |
| 14:30 | US | Jobless claims |
| 14:30 | US | Retail sales |

За подетални информации обратете се во Дирекцијата за тргување и девизен пазар на следниве контакт лица:

Билјана Јованоска тел. 3295- 109; e- mail: biljana.jovanoska@stb.com.mk
Сашо Радевски тел: 3295- 108; e- mail: saso.radevski@stb.com.mk
Коста Шорко тел. 3295- 107; e- mail: kosta.sorko@stb.com.mk

Правни напомени:

Оваа публикација ја издава Стопанска Банка АД Скопје и е наменета за нејзините клиенти. Информативниот карактер на оваа публикација значи дека таа не може да служи како замена за сопствените проценки на било кој читател на оваа публикација. Информациите, мислењата, заклучоците, прогнозите и проекциите кои се изнесени во оваа публикација се засноваат на јавно достапни извори на податоци (Блумберг иРојтерс) кои Банката ги користи, но за кои не гарантира.
Според тоа, Банката не сноси никаква одговорност за бизнис одлуките на клиентите кои се базираат на оваа публикација.